ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:14-230/6**

**Дата:24.03.3015**

**ДО**

**МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Македонска Академија на науките и уметностите (во понатамошниот текст - МАНУ) - сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2013 година.

Ревизијата утврди дека МАНУ има напредок во спроведувањето на дадените препораки од извршената ревизија за 2007 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за финансискиот извештај - Биланс на состојба за 2007 година, не е изразено мислење за резултатот од финансиските активности, а за наменското и законското користење на средствата е изразено позитивно мислење.

За финансиските извештаи за 2013 година на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај МАНУ - сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2013 година како позначајни ги истакнуваме следните констатирани состојби:

- воспоставените интерни контроли не обезбедуваат доволно ниво на ефикасност и сигурност за да спречат ризик од евидентирање на некомплетна и не контролирана документација;
- МАНУ нема постапено во согласност со Упатството за начинот на трезорско работење за отварање на сметки од буџет на донации, при што

во корист на сметката на буџет на самофинансирачки активности се вршат уплати на донации од донатори;
- евидентирањето на обврските е неажурно и нецелосно;
- невоспоставена уредна, веродостојна и точна евиденција во деловните книги на побарувањата;
- утврдени се одредени неправилности при спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки.

Во однос на наведеното, а со цел на надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки до надлежните лица и органи.

Законскиот застапник на МАНУ на ден 09.03.2015 година достави одговор бр.02-609/1 од 03.03.2015 година по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година за сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), кој по својата содржина претставуваат известување за преземените мерки и активности за надминување на дел од утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на Македонска академија на науките и уметностите (во понатамошниот текст МАНУ) - сметка на буџет од самофинансирачки активности ( 787), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) на МАНУ за 2007 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба под 31 декември 2007 година искажана во Билансот на состојба изразивме неповолно мислење, а за резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум ревизијата се воздржа од изразување на мислење. За усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази позитивно мислење.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Академик Владо Камбовски, претседател на МАНУ од 2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност

вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МАНУ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа:

- дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот.

Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.10. до 20.12.2014 година кај МАНУ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од 2007 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2007 година. Со ревизија на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека МАНУ делумно има преземено мерки за имплементација на дадените препораки. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој извештај.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 23.12.2014 година.

Законскиот застапник на МАНУ на ден 09.03.2015 година достави Одговор број 02-609/1 од 03.03.2015 година по Нацрт извештајот за сметка на буџет од самофинансирачки активности ( 787).

Добиениот одговор по својата содржина преставува известување за преземените мерки и активности за надминување на утврдените состојби по точките 4.2.1 и 4.2.3 од Нацрт извештајот. Истите се разгледани и соодветно се обелоденети во Конечниот извештај.

Текстот на одговорот по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на известувањето се дадени во прилог на Конечниот извештај.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1. Сите констатирани состојби во делот на интерните контроли сметката на основен буџет (637), во целост се однесуваат и за сметката на буџет од самофинансирачки активности.

Согласно член 7 од ЗЈВФК раководителот на субјектот е одговорен за воспоставување на процедури за поважни работни процеси за следење и развој на стабилно финансиско управување и конторла.
Ревизијата утврди дека во МАНУ не се донесени процедури за наплата на приходите од самофинансирачки активности. Имено при начинот на фактурирање и наплата на фактурите недостасуваат јасно утврдени контролни активности и контролни механизми, како и поделба на должностите на начин да секоја активност биде контролирана од различни хиерархиски нивоа.
Горе наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и влијаат на зголемувањето на ризикот од нецелосно и ненавремено евидентирање на приходите и има за ефект нецелосно презентирање на податоците во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорното лице во МАНУ да воспостави систем на интерни контроли, со донесување на пишани процедури и постапки на сите нивоа на работење и да се обезбеди нивно целосно спроведување.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со увид во приложената документација за привремените вработувања во МАНУ ревизијата констатира дека во текот на 2013 година ангажирани се лица преку Агенција за привремени вработувања, по кој основ се исплатени средства во вкупен износ од 1,645 илјади денари.
Отстапените работници на МАНУ од страна на агенцијата не се ангажирани за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични не континуирани работи и непредвидени краткотрајни активности, туку за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места, што не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработување.

Ваквиот начин на ангажирање на лица во МАНУ кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на намалена транспарентност , субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапка на нивното ангажирање.
Во периодот на забелешки по Нацрт извештај од страна на Претседателот на МАНУ доставено е барање и дополнување на барање до Министерство за финансии бр. 04-398/1 од 17.02.2015 година и бр. 04-398/2 од 26.02.2015 година, за добивање на согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација во работен однос на неопределено време на лица ангажирани преку агенција за привремени вработувања. Дадената препорака останува од причина што не се надминати утврдените состојби.

**Препорака:**
Надлежните лица да преземат мерки и активности, вработувањата во МАНУ да се вршат во согласност со актот за организација и систематизација и законски пропишаната рамка.

4.2.2. На сметката на буџет од самофинансирачки активности покрај уплатите од редовните активности на МАНУ, се уплаќаат и донаторски средства добиени од разни меѓународни проектни програми, за финансирање на научноистражувачките проекти.
Начинот на извршувањето на проектот и располагањето со средствата е во согласност со условите регулирани со посебен договор помеѓу раководителот на проектот и давателот на средствата, каде што е прецизирано за кои намени ќе се трошат средствата, како и начинот на извршувањето и контрола врз извршувањето на средствата.
Ревизијата констатира дека ваквата состојба не е во согласност со Упатството за начинот на трезорско работење, односно не е извршено отворање на сметки од буџет на донации, каде се вршат уплати на донации од донатори. Ваквото евидентирање на остварените приходи од донации на буџет на самофинансирачки активности има за ефект нереално искажување на позициите од Билансот на приходи и расходи на сметката за приходи од самофинансирачки активности.

**Препорака:**
Раководителот на Секторот за финансиски прашања да презема мерки и активности во насока на почитување на Упатството за трезорско работење, односно за секоја донација/меѓународен проект финансиското работење да се врши преку сметка на буџет на донации.

4.2.3. Во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Ефремов„ (ИЦГИБ), се извршуваат здравствени услуги и генетски иследувања за пациенти како и лабораториски услуги кои не се покриени со партиципација и се наплаќаат во цел износ врз основа на ценовник кој не е усвоен и донесен од Претседателството на МАНУ. Ваквиот начин на работа не е во согласност со член 23 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите и создава ризик од нецелосност при наплата на приходите.

Претседателството на МАНУ на 30.12.2014 година , има донесено Одлука со бр.02-2794/1 за утврдување на цените на анализите кои не се наплатуваат од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, и од тие причини ревизијата не дава препорака за оваа утврдена состојба.

## 4.3 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.3.1. Дел од фактурите за неплатени обврски во износ од 851 илјада денари не се сметководствено евидентирани заклучно со 31.12.2013 година, што не е во согласност со член 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници односно со основните сметководствени начела за точно, вистинито, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции. Од тие причини обврските спрема добавувачите во Билансот на состојба, не се реално и објективно прикажени и има влијание врз реалните проценки во процесот на планирање на буџетските средства за МАНУ во наредниот период.

**Препорака:**
Надлежните лица во МАНУ да преземат мерки и активности за воведување на комплетна и целосна евиденција на обврските согласно законските прописи заради нивно точно прикажување во финансиските извештаи.

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.3. Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на остварените приходи од наплата за извршените здравствени и останати услуги поради следните причини:

- Во текот на 2013 година остварен е приход во износ од 16.566 илјади денари од здравствени услуги извршени во Истражувачки центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Ефремов„ (ИЦГИБ), Средствата се остваруваат врз основа на склучен Договор[1] и Анекс[2] кон Договорот помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија (ФЗОМ) и МАНУ, за извршување и плаќање на здравствени услуги[3] согласно член 70 од Законот за здравствено осигурување.
  Ревизијата утврди дека во текот на 2013 година евидентираните податоци во деловните книги на МАНУ не се врз основа на веродостојни, вистинити, уредни и одобрени сметководствени документи, согласно

[1] Договор бр. 03-586/1 од 04.04.2011 година помеѓу Фондот за здравствено осигурување ма РМ и МАНУ, за пружање и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко - консултативно здравствена заштита.
[2] Анекс бр. 03-668/4 од 27.12.2012 година кон Договорот помеѓу Фондот за здравствено осигурување ма РМ и МАНУ, за пружање и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко консултативно здравствена заштита, за 2013 година.
[3] Согласно Одлука помеѓу Фондот за здравствено осигурување ма РМ и МАНУ за утврдување на договорените надоместоци на приватни здравствени установи за 2013 година.

член 12 од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници. Остварениот приход во износ од 16.566 илјади денари, за извршени здравствени услуги од ИЦГИБ, е врз основа на издадени фактури за извршената услуга кон ФЗОМ. Издадените фактури не се доставувани во сектор за финасиски прашања како основ за евидентирање на побарување на извршени услуги и наплатени приходи за извршените здравствени услуги.

- ИЦГИБ има остварен приход врз основа на спроведени ДНК анализи на фамилијарно сродство од прв степен, врз основа на склучен Договор со Министерството на труд и социјална политика (МТСП) и издадена фактура за извршената здравствена услуга во износ од 464 илјади денари која не е сметководствено евидентирана. Сметководственото евидентирање на остварените приходи е врз основа на извршените уплати од страна на МТСП за извршените здравствени услуги на сметката на МАНУ без да се евидентираат побарувања по истиот основ, истото се однесува и на останатите приходи по основ на здравствени услуги во износ од 4.371 илјади. Ревизијата утврди дека останатите приходи кои се реализираат преку Истражувачки центар за енергетика, информатика и материјали (ИЦЕИМ) во износ од 27.640 илјади се без претходно евидентирање на побарувања по основ на добиените приходи што се должи на воспоставената пракса во сметководството да не се презентирани фактури и договори за вршење на услуги.

Имено, поради невоспоставена комуникација и проток на информации и документи помеѓу истражувачките центри голем дел од документацијата која се генерира од повеќе сектори или истражувачки центри не се доставува во Секторот за финансиски прашања, поради што трансакциите не се евидентираат во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

На ревизијата и беа доставени докази дека во 2014 година од страна на ИЦГИБ се преземени мерки за доставување на издадените фактури за извршената услуга кон ФЗОМ, во Секторот за финансиски прашања.

**Препорака:**

Раководителот на Сектор за финансиски прашања да преземе мерки и активности внесувањето на податоците во деловните книги да се заснова на веродостојни, вистинити, уредни и одобрени сметководствени документи.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1. При увидот на начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2012 и 2013 година, по кои се преземени обврски во 2013 година, извршивме ревизија на постапките за јавни набавки, со што опфативме 76% од преземените обврски кои подлежат на Законот за јавни набавки, при што констатиравме одредени состојби кои се однесуваат на следното:

- Извршени се набавки на реагенси во износ од 7,266 илјада денари со постапка која не е во согласност со член 27 од ЗЈН, при што Договорниот орган не смее да врши делење на договорот за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, ниту пак да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање на пониска вредност од реалната проценета вредност на договорот, со цел да се избегне одредена постапка утврдена со овој закон.

  За дел од набавките на реагенси спроведена е постапка по пат на преговарање без претходно објавување на оглас (член 99 од ЗЈН), при што во одредени случаи дадено е образложение дека лабораториската опрема е набавена од конкретна фирма од која се користат и дел од реагенсите, додека во други случаи нема образложение.

  При спроведување на овој вид на постапка треба претходно да се исполнат одредени услови од член 99 од ЗЈН, согласно кој точно е прецизирано во кој случај се спроведува овој вид на набавка.

  Од тие причини ревизијата констатира дека спроведената постапка по пат на преговарање без претходно објавување на оглас за набавка на лабораториски материјали и реагенси за потребите на МАНУ, треба да се набават на јавен и транспарентен начин, односно со спроведување на една од редовните постапки за доделување на договор за јавна навака.

Плаќањата за набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка ги нарушува основните принципи на Законот за јавни набавки кој налага конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

**Препорака:**
Да се почитуваат во целост одредбите од Законот за јавни набавки во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките од 4.2. до 4.4. се:

- не постапување во согласност со Упатството за начинот на трезорско работење за отварање на сметки од буџет на донации,
- неажурност во евидентирањето на обврските;
- невоспоставена уредна, веродостојна и точна евиденција во деловните книги на побарувањата;
- утврдени се одредени неправилности при спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки, чие влијание се одрази врз изразеното мислење од страна на ревизијата.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. , финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), на Македонската академија на науките и уметностите, на ден 31 декември 2013 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2. до 4.4, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на буџет од самофинансирачки активности ( 787), на Македонската академија на науките и уметностите, на ден 31 декември 2013 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Законот за здравствена заштита ги третира здравствените установи како посебни правни субјекти кои средствата за работа меѓу другите извори ги стекнуваат и од ФЗОМ, за здравствени услуги дефинирани со договор според утврдени цени на здравствените услуги за одделни видови на здравствена заштита.
Согласно одредбите од членот 70 од Законот за здравствено осигурување Фонот за здравствено осигурување на Република Македонија како купувач на услугите склучил договор со Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Ефремов" (ИЦГИБ), во кој се регулирани начинот на

фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го во предвид износот на склучениот договор кој претставува ограничување на средствата кои се очекуваат да се добијат од Фонот за здравствено осигурување на Република Македонија и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не е обезбедено купување на вкупно извршените здравствени услуги. Во услови кога не е воспоставен соодност помеѓу нивото на извршени услуги, нивното фактурирање и надоместување на извршените услуги, се доведува во прашање ваквата поставеност на субјектите во овој процес.
Согласно Договорот со Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија буџетот на ИЦГИБ за 2013 година изнесува 15.000 илјади денари. Во текот на годината, ИЦГИБ има извршено здравствени услуги на товар на фондот во вкупен износ од 20.754 илјади денари при што повеќе извршените здравствени услуги од 5.827 илјади денари од договорениот износ се евидентирани, вонбилансно и на посебен извештај и не се очекуваат приливи по истите во наредниот период.

Наведеното има влијание врз финансиската состојба на ИЦГИБ од причина што во 2014 година заклучно со месец октомври, повеќе извршените здравствени услуги се во пораст и се во износ од 7.589 илјади денари, од договорениот износ евидентирани на посебен извештај.

Скопје 18.03.2015 година

**Македонска академија на науките и уметностите**
**Сметка на буџет на самофинансирачки активности (787)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 година**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2013** | **2012** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 39.961 | 29.398 |
| Капитални приходи | 3.1.2 | 1.462 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.3 | 19.816 | 18.251 |
| **Вкупно приходи** | | **61.239** | **47.649** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 1.988 | 1.781 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 32.247 | 24.492 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 85 | 83 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **34.320** | **26.356** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4 | 6.312 | 6.154 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **6.312** | **6.154** |
| **Вкупно расходи** | | **40.632** | **32.510** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **20.607** | **15.139** |

**Македонска академија на науките и уметностите**
**Сметка на буџет на самофинансирачки активности (787)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 20.615 | 15.139 |
| Побарувања | 4.1.2 | 0 | 375 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3 | 15 | 55 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4 | 455 | 3.140 |
| **Вкупно тековни средства** | | **21.085** | **18.709** |
| **Вкупна актива** | | **21.085** | **18.709** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1 | 284 | 2.991 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.2 | 8 | 13 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 0 | 41 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.3 | 171 | 149 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4 | 20.527 | 15.473 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **20.990** | **18.667** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3 | 95 | 42 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **95** | **42** |
| **Вкупна пасива** | | **21.085** | **18.709** |

Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2 , Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 2 3235-400; Факс: + 389 2 3235-500
e-mail: manu@manu.edu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 09.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 14 | 230/4 | | |

Бр. 02-609/1
Ск. 3.03.2015

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______
______ 20__ год.
Потпис
______

До
Државен завод за ревизија
М-р Тања Таневска, главен државен ревизор

Предмет: Доставување на одговор
Врска: Ваш Нацрт извештај бр. 14-230/3 од 03.02.2015 година

Почитувани,

Ве известуваме дека Извршниот одбор на Претседателството на Македонската академија на науките и уметностите се запозна со Нацрт извештајот бр. 14-230/3 од 03.02.2015 година и во целост го прифати. Ве известуваме дека до моментот на издавање на Нацрт извештајот се реализирани:

– препораката која се однесува на наодот под реден број 4.1.1. и 4.2.2. дадена во Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите, сметка на основен буџет (637) и препораката која се однесува на наодот под реден број 4.2.1. дадена во Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски ивештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите на сметка на буџет на самофинансирачки активности (787);

– препораката која се однесува на наодот под реден број 4.4.3. дадена во Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите, сметка на основен буџет (637);

– препораката која се однесува на наодот под реден број 4.1.2. дадена во Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите, сметка на основен буџет (637);

– препораката која се однесува на наодот под реден број 4.3.2. дадена во Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите, сметка на основен буџет (637) и

– препораката која се однесува на наодот бр. 4.2.3, дадена во Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски ивештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите на сметка на буџет на самофинансирачки активности (787).

Заради тоа, во прилог Ви доставуваме докази за реализација на препораките, со цел истите да бидат разгледани од Ваша страна и да бидат земени во предвид при издавањето на Конечниот извештај.

Со почит,

Претседател

Акад. Владо Камбовски

Изработил:
Лидија Симовска
Секретар на Секретаријат

Прилози: Барање за добивање согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација во работен однос на неопределено време бр. 04-398/1 од 16.02.2015 и Дополнување на барањето бр. 04-398/2 од 26.02.2015, Правилник за критериумите и начинот на исплата на средства од режиските трошоци од научнистражувчките и уметнички проекти финансирани од сметката на основен буџет, донесен од Извршниот одбор на Претседателството на МАНУ бр. 02-578/1 од 27.02.2015, Известување од Давид компјутери бр. 0302/898/15 од 2.03.2015, Извештај од извршениот попис на побарувања, обврски, парични средства и хартии од вредност во 2014 година бр. 02-557/1 од 26.02.2015 (со пропратна документација), Извештај од извршениот попис на основни средства, ивестиции во тек, ситен инвентар и материјали во 2014 година бр. 02-557/2 од 26.02.2015, Одлука за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основни средства, инвестиции во тек, ситен инвентар и материјали и за попис на побарувања, обврски, парични средства и хартии од вредност во 2014 година бр, 02-557/3 од 26.02.2015 година и Одлука за утврдување на цените на анализите кои не се наплатуваат од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, донесена од Претседателството на МАНУ бр. 02-2794/1 од 30.12.2014 година.

**Одговор**
**по известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Од Претседателот на Македонската академија на науките и уметностите на ден 09.03.2015 година добиен е одговор на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година за сметка на буџет од самофинасирачки активности (787) со бр.02-609/1 од 03.03.2015 година, заведен во Државниот завод за ревизија под број 14-230/4 .

Одговорот со известувањата по преземените мерки по дадените препораки е разгледан од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Во врска со констатацијата од **точката 4.2.1.,** кој се однесува на привремени вработувања на лица за вршење на редовни работни задачи предвидени со актот за организација и систематизација, МАНУ **известува** за преземени мерки за надминување на утврдените состојби. Имено Претседателот на МАНУ има доставено барање и дополнување на барање до Министерство за финансии бр. 04-398/1 17.02.2015 година и бр. 04-398/2од 26.02.2015 година, за добивање на согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација на работен однос на неопределено време на лица ангажирани преку авторски договор и договор на дело и на лица ангажирани преку агенција за привремени вработувања. Наведената состојба е обелоденета во Конечниот извештај, а препораката останува непроменета од причина што не се надминати утврдените состојби.

2. Во врска со констатцијата дадеа во **точката 4.2.3.** кој се однесува за извршени здраствени услуги од стрна на Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија, кои не се покриени со партиципација и се наплаќаат во цел износ со ценовник кој не е усвоен и донесен од Претседателството на МАНУ.
МАНУ **известува** дека Претседателството на 30.12.2014 година, има донесено Одлука со бр.02-2794/1 за утврдување на цените на анализите кои не се наплатуваат од ФЗОМ и од тие причини ревизијата не дава препорака, а истото е обелоденето во Конечниот извештај .